# Policy Position Papers

# Од областа на Царина

## Увоз на стока – Недостатоци во увозната документација, казнени одредби за увозникот и овозможување на соодветна правна заштита

# Формулар за идентификување на проблеми –

# Позиционен документ

# (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| Датум: | Поднесено од: | Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Position Papers): |
|---|---|---|
| | | Увоз на стока – Недостатоци во увозната документација, казнени одредби за увозникот и овозможување на соодветна правна заштита |

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ (ПИРН) е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

***Сектор - Земјоделство; Сектор – Градежништво; Сектор - Туризам; Сектор - Текстил; Сектор – ИКТ ; Сите Сектори***

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ Policy Position Papers– За кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

Во досегашната практика на увезувањето на стоки во Република Македонија, компаниите се соочуваат со проблеми во однос на исполнување на стандардот за целосна документација за увоз на стоки. Конкретно, увозот на стоки во Република Македонија зависи од точноста на

информациите во увозната документација, како делот од влез на стоката во државата, но така и делот кој се однесува на испраќачот на стоката/продавачот.

Следствено на горе кажаното, а водејќи од позитивната правна легислатива од областа на царината, често се случува увозниците на територија на Република Македонија да се соочуваат со проблеми од технички карактер, односно со неисправна документација испратена од страна на испраќачот на стоката/продавачот, при што последиците ги сносуваат увозниците и не наоѓаат соодветна правна заштита од системот. Надлежна институција за спроведувањето на законите од областа на царината е Царинската управа на Република Македонија, како орган во состав на Министерството за финансии со статус на посебно правно лице. Царинската управа своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Македонија, а работите од својот домен ги извршува преку Централната управа и пет царинарници. Централната управа, чие седиште е во Скопје, координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, а царинарниците координираат и раководат со соодветен реон.

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Position Papers) негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?**

Според Царинскиот Закон, законодавецот наложува дека Царинска декларација во писмена форма се поднесува на пропишан образец. Царинската декларација во писмена форма мора да биде потпишана и мора да ги содржи сите податоци кои се неопходни за спроведување на царинските прописи со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана.

Кон царинската декларација се приложуваат сите документи потребни за спроведување на прописите со кои е регулирана царинската постапка за која стоката е декларирана. Проблемот се наоѓа во моментот кога се врши целосно разгледување на пропратната документација за секој дел од стоката која е предмет на увоз и кога постои грешка/недостаток во документацијата од испраќачот на стоката, казната ја плаќа/е на терет на увозникот, сметајќи дека увозникот "знаел или морал да знае дека податоците/информациите биле неточни или нецелосни".

Влијанието на оваа правна празнина во легислативата од областа на царинењето на стоки во Република Македонија е големо, во негативен контекст на успехот на компаниите и нивната конкурентност на пазарот.

Дополнително, негативно влијае на конкурентноста на компаниите со тоа што компаниите реализираат инвестиција врз основа на подготвена финансиска конструкција и работен план со рокови за кои за секое поместување се наплаќаат одредени пенали и истите сносуваат непотребни штети.

3. **На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Position Papers) и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

Со наведениот проблем се соочуваат компании во Република Македонија кои увезуваат стока. Тоа повлекува огромни ресурси за планирањето на увозот на стоки и негово спроведување. Исто така негативно влијае на поволностите на пазарот и на растот на фирмите и нивната меѓународна соработка.

4. **Кои се важечките закони , подзаконски прописи ( наведување на членовите ) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Position Papers)?**

Важечки прописи кои се однесуваат на идентификуваниот проблем се:

1. Законот за Царинската управа,
2. Царинскиот закон,
3. Законот за Царинска тарифа,
4. Законот за акцизите,
5. Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост,
6. Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки и други закони во кои се пропишани надлежности за постапување на Царинската управа,
7. Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки.

5. **Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

Државни институции кои се директно надлежни за решавање на идентификуваниот проблем се:

1. Царинската управа
2. Министерството за финансии

Царинската управа своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Македонија, а работите од својот домен ги извршува преку Централната управа и пет царинарници. Централната управа, чие седиште е во Скопје, координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, а царинарниците координираат и раководат со соодветен реон.

6. **Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Во земјите од Европската Унија, постојат посебни правила за уредување на стоките во рамките на земјите на Европската унија и посебни одредби за увоз на стоки од земји кои не се дел на ЕУ.

Првите, со оглед на фактот што припаѓаат на иста пазарна унија – ЕУ еден пазар, имаат повеќе придобивки – исти стандарди и систем на Единствен административен документ (ЕЦД), можност за полесна комуникација и достапност на фирмите.

Следствено на тоа, проблемот од пропусти во документацијата се намалува, а и одговорноста за недостатоците ја има самиот пополнувач/испраќач/продавач на стоката.

Кога зборуваме за импорт на стоки од трета (не ЕУ) земја во ЕУ, ако не е изготвена изјава или информациите во неа се сметаат за неточни, прифаќањето на изјавата, а со тоа и испораката на стоката на примачот може да се одложи или дури и да не се случи, бидејќи царинските службеници имаат право да направат понатамошно истраги и изрекуваат казни и санкции.

Увозот од надвор од Европската Унија (ЕУ) во Европската Унија мора да биде прогласен усогласен со користење на Единствен административен документ (ЕЦД), исто така наречен форма C88.

Се погоре наведено е дел од правилата за меѓународна трговија или Инкотермс, стандарди кои ги прифаќа и кои ги следи и Република Македонија.

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Position Papers)?**

Придобивки кои ќе произлезат со решавање на идентификуваниот проблем и ја подобрат конкурентноста на компаниите се во насока на обезбедување на <u>јасна правна регулатива</u> и правилно толкување на Законот за Царинската управа. Дополнително, ќе се работи на заштита на компаниите од казни и губење на средства, поради фактот што ќе се теретат со одговорност која директно не им припаѓа нив.

8. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки фискални инпликации на Државата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) успешно се адресира – упати – реши ?**

Придобивките на државата се во насока на обезбедување на јасна регулатива и нејзина квалитетна имплементација, а особено допринесува ефективност и ефикасност на процедурата за увоз на стоки, а со тоа и намалување на времето за решавање на постапките.

9. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

Предлог решение за надминување на идентификуваниот проблем е дополнување на Упатството за царинење на стока, во делот II Дејства пред поднесување на царинската декларација и создавање подобри услови за процесот на увоз на стоки во Република Македонија, во насока на заштита на компанијата увозник од несакани последици при увозот, односно намалување на одговорноста на увозникот/примателот на стоката/купувачот во однос на документацијата за чие пополнување и содржина, истиот лично не е и не треба да биде одговорен, а уште помалку да трпи санкции за не причинето дело.

Со погоре објаснетото, имаме за цел да го избегнеме постоењето на правна празнина во овој многу важен дел од царинските процедури и ќе создадеме правна сигурност за компаниите кои се засегнати од правилното функционирање на постапката за увоз на стоки, ќе придонесеме за подобри услови за развивање на компаниите и ширење на пазарот во Република Македонија.

Предлагаме во процесот на разгледување на законските решенија и дополнувањето на Упатството за царинење на стока, да бидат вклучени и претставници на бизнис секторот во насока на заеднички придонес за креирање на квалитетна регулатива која ќе обезбеди сигурна имплементација, а воедно ќе ја зголеми правната сигурност на компаниите кои се директни корисници на легислативата од областа на царината.